ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 2310/1
27 -08- 2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 22-та седница одржана на ден 27.08.2025 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со бр.08-5611/1 од 12.12.2019 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со бр.08-5611/1 од 12.12.2019 година.

Предметот со бр.08-5611/1 од 12.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со бр.08-5611/1 од 12.12.2019 година е оформен по доставена анонимна пријава на надлежно постапување од страна на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција која е поднесена во ОЈО ГОК.

Пријавата е поднесена против ____________ Виш јавнен обвините во Вишо јавно обвинителство __________ и нејзиниот сопруг _____________ вработен во Министрство за внатрешни работи, а се однесува на злоупотреба на службената положба и противзаконско зголемување на имотот.

ДКСК се обрати до лицето _____________ да достави податоци (ЕМБГ) и сродство за лицата со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на горенаведеното лице беа доставени бараните податоци.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, во конкретниот случај со цел да ја утврди фактичката состојба, прибави податоци за имотот на _______________ и за членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република С. Македонија и финансиските институции во државата.

Од направената анализа на податоците добиени од ДКСК по извршената анализа на прибавените податоци од надлежните институции и направената финансиска анализа констатира дека _______________ има извршено уплата на готовина во висина од 1.002.000,00 денари на ден 15.09.2021 година на сопствена трансакциска сметка во Комерцијална банка а.д. Скопје и истите не се пријавени со образец за промена на имотната состојба.

Во врска со горенаведеното, ДКСК се обрати до лицето _______________ со допис бр.08-5022/1 од 25.10.2023 година со кој ја покани да се изјасни со прилог на докази за основот на стекнување на средствата кои сопругот лично ги уплатил на сопствената трансакциската сметка. Лицето не дојде на договорениот термин и го употреби правото да достави писмени докази за уплатата. Од добиените докази ДКСК не можеше да утврди како го стекнал целосниот износ од 1.002.000,00 денари.

Со цел утврдување на фактичката состојба на имотот во конкретниот случај Државната комисија го проследи барањето до _______________ и побара во рамките на нивните законски надлежности да изврши проверка на лицето _______________ и членовите на нејзиното семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Во однос на подадотоците од АКН и оние податоци наведени во анкетниот лист од страна на лицето _______________ во анкетниот лист има наведено непрецизиран имот во сопатвеност на нејзиниот сопруг без да појасни за каков имот станува збор, а се однесува на КО __________ и КО __________ за што не може да и се изрече прекршочна санкција заради застареност. Исто така нема пријавено ниту една банкарска сметка за себе и за членовите на нејзиното семејство. На изводот од Комерцијална банка се гледаат уплати за кирија во износ од 49.000,00 денари, но во ГДП од УЈП нема податок за доход од закупнина, а нема пријавено ниту во анкетниот лист. Исто така од добиените податоци од ЦРМ _______________ поседува фирми кои не се пријавени во анкетниот лист ниту во Изјавата за интереси. Другите податоци наведени во анкетниот лист не отстапуваат со податоците добиени од институциите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

**Изработил**: м-р Н.Т-М, Раководител на одделение

**Согласен**: К.З., Раководител на сектор.

**Член**: Б.Џ, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk